СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

## -компаративен преглед-

Есеѓ Лукрис

Аналитичар и истражувач по компаративно право и правни системи

Октомври 2023 година

**СОДРЖИНА**

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД ..... 3
I ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 3
I.1 Прекршочна одговорност на физички лица ..... 3
I.2 Кривична одговорност на физички лица ..... 4
I.3 Забранети раси на кучиња во Северна Македонија - Регистар на опасни кучиња ..... 4
II ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА ..... 5
II.1 Микрочипирање ..... 5
II.2 Јака и ознака ..... 6
II.3 Забранети раси на кучиња во ОК ..... 6
III ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ..... 6
III.1 Забранети раси на кучиња во Германија ..... 7
IV ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО КРАЛСТВО ШВЕДСКА ..... 7
V ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО КАНАДА ..... 8
V.1 Одговорност на физички лица ..... 8
VI ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО НОВ ЗЕЛАНД ..... 9
VI.1 Штета направена од домашни кучиња ..... 9
VI.2 Регистрација и микрочипирање на домашни кучиња ..... 9
VI.3 Одговорност на физички лица ..... 9
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 11

**РЕЗИМЕ**

Во секоја држава различно се уредува одговорноста на сопствениците на кучиња. Во некои држави, сопствениците на кучиња не се кривично одговорни за прекршоците кои се направени од нивното куче. Сепак, во други држави каде што сопственикот на кучето е законски одговорен за повредата од страна на кучето врз лицето или имотот може да биде одговорен и за надоместување на медицински сметки, изгубени плати, болка и страдање и материјална штета кон повреденото лице. Така, на пример, во **Република Северна Македонија**, **Кривичниот законик** не предвидува кривична одговорност на сопственикот на кучето кое ќе нанесе телесна повреда или пак усмрти човек. Сопственикот на кучето може да биде одговорен само за надомест на штета на претрпена душевна болка кон трети лица. Во **Сојузна Република Германија**, сопственикот на кучето е **кривично и финансиски одговорен** за каква било штета што ќе ја направи кучето во негова сопственост, особено за каснувања, дури и ако сопственикот се обидел правилно да го контролира кучето и ако истото нема историја на насилно однесување. Ако кучето касне некого, сопственикот на кучето ќе мора финансиски да му надомести на оштетениот за сите медицински и патни трошоци настанати поради каснувањето како и за болката и страдањето. Во **Обединетото Кралство на Велика Британија** и **Северна Ирска**, сопствениците (или лицето одговорно за кучето во моментот) чии миленици ќе повредат трето лице, ќе се соочат со казна затвор до три години за повреда или 14 години за смрт, парична казна, лишување од сопственост на домашни миленици и, исто така, можно е кучето да им биде еутанизирано. Во случаи кога не е предизвикана повреда, сопствениците на кучињата може да се соочат со казна затвор до шест месеци, да бидат казнети со парична казна до 5.000 фунти, да им се забрани да поседуваат домашни миленици или пак кучето да им биде еутанизирано. Во **Канада**, сопственикот на куче одговара за штетите што настанале од каснување или напад од куче врз друго лице или домашно животно. Во **Нов Зеланд**, сопственикот на куче генерално е одговорен за секоја штета што ќе ја направи неговото куче па дури и ако раскопува по растенијата во дворот на соседот. Ако сопственикот на кучето не се согласи да ја плати штетата, соседот може да поднесе барање до Судот за спорови.

Од погоре изнесеното може да се констатира дека кривичната и прекршочната одговорност на сопственикот на куче кон трети лица, како и казнените одредби кои произлегуваат од истата се разликуваат во анализираните земји.

## ВОВЕД

Со оваа истражувачка работа е опфатена правната рамка за кривична и прекршочна одговорноста на сопствениците на кучиња во избрани земји.

Оваа истражувачка работа е изработена по сопствена иницијатива, согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.

## I ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно **Законот за заштита и благосостојба на животните**[1], сопствениците на кучиња се должни да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои се овластени за спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес во нивното место на постојан престој, со цел да ги регистрираат и идентификуваат. Сопствениците на кучиња треба на влезната врата во дворот на видливо место да постават табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче, без разлика дали кучето или кучињата чиј сопственик е се опасни или не. Исто така, кучињата кога се на јавно место треба да бидат врзани на поводник освен кога се на јавни места каде е дозволено кучињата слободно да се движат во придружба на нивните сопственици.[2] Во случај кога куче нападнало човек или животно, се врши проценка на околностите под кои се случил нападот и се спроведува тест на социјализација за утврдување на агресивност на кучето. Доколку со проценката се утврди дека нападот не бил испровоциран или дека кучето е агресивно истото веднаш се одзема и се праќа на дресура (ресоцијализација) кај овластени субјекти од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство. По извршената дресура на кучето повторно му се врши тест за социјализација и доколку кучето се процени дека не е агресивно, се кастрира и ојаловува и му се враќа на сопственикот. Доколку кучето не може да се ресоцијализира истото се еутаназира.[3]

### I.1 Прекршочна одговорност на физички лица

Глоба во износ од **10 до 15 евра во денарска противвредност** ќе му се изрече на физичко лице кое:

- ✓ не истакне табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче.
- ✓ на јавно место кучињата не ги држи врзани.
- ✓ не го пријави леглото од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, не ги идентификуваат младенчињата пред да ги вдомат и не ги пријават лицата кај кои ги вдомиле.

[1]Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23)

[2]Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), член 27, пристапено на 14.6.2023

[3]Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), член 32, пристапено на 14.6.2023

Глоба во износ од **50 до 75 евра во денарска противвредност** ќе се изрече на физичко лице за прекршок доколку:

- ✓ не дејствува на хуман и грижлив начин кон животните.
- ✓ животните се сместени на начин со кој не се избегнува штетното влијание на надворешните фактори на животната средина, како што се бучавата, вибрацијата и атмосферското загадување.
- ✓ на животните не им е обезбедено нормално однесување имајќи го во предвид видот, старосната категорија и нивните физиолошки и етолошки потреби и сл. [4]

Глоба во износ од **600 до 900 евра во денарска противвредност** ќе се изрече на физичко лице за прекршок доколку:

- ✓ Физичкото лице предизвикува болки, патење или повреди, сурово и нехумано се однесува кон животните и ги убива.
- ✓ Физичкото лице е вклучено, поттикнува, организира, рекламира, одржува и организира обложување на борби со животни за какви било намени.[5]

## I.2 Кривична одговорност на физички лица

***Кривичниот Законик не предвидува кривична одговорност на сопственикот на кучето кое ќе нанесе телесна повреда или пак усмрти човек***. Согласно сегашните законски одредби сопственикот на кучето може да биде одговорен само за надомест на штета за претрпена душевна болка кон трети лица.

## I.3 Забранети раси на кучиња во Северна Македонија - Регистар на опасни кучиња

Во повеќе држави во светот постојат таканаречени црни листи на агресивни раси на кучиња која циркулира кај осигурителните компании, меѓу кои се питбулите, мастифите, хаските, за кои тие одбиваат да ги осигурат сопствениците во случај нивното куче да нападне некого. Некои раси, пак, целосно се забранети за одгледување. Во голем број земји во Европа, постојат регистри на потенцијални опасни кучиња и раси кои е забрането да се чуваат како домашни миленици. Иако со Законот за заштита на благосостојба на животните е пропишано формирање на регистар за опасни кучиња, сепак истиот не постои и не се води во ниту една јавна институција.[6]

[4] Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), член 65, пристапено на 14.6.2023

[5] Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), член 67, пристапено на 14.6.2023

[6] Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), член 30, пристапено на 14.6.2023

## II ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА

Согласно, **Законот за антисоцијално однесување, криминал и полиција од 2014 година и измените во Законот за опасни кучиња од 1991 година**[7], сопственици на кучиња **не смеат** да дозволат кучето да биде **„опасно и вон контрола“** и кога кучето се наоѓа на приватна сопственост и кога е на јавно место. Исклучок на ова правило е ако кучето касне некој којшто нема законско право да биде во приватната сопственост, како на пример, крадец.

Сопственикот на кучето мора да осигура дека кучето нема да биде закана за доставувачите на пратки, поштенските работници, здравствените работници и другите професионалци кои можат да го посетат домот на сопственикот. Кучето не мора да касне или физички да повреди некого за да се случи прекршок. Ако некое лице чувствува дека кучето може да го повреди, сепак може да се смета за „опасно и вон контрола“. Ова правило се однесува на кучиња од сите големини, раси и типови.

**Сопствениците може да бидат кривично гонети ако нивното куче нападне некого во нивниот дом, во нивните предни и задни градини или во друг приватен имот.**[8]

Согласно **Законот за опасни кучиња од 1991 година**[9], сопственикот на кучето не смее да дозволи кучето да биде „опасно и вон контрола“, поточно кажано кучето не смее да повреди некого или пак сопственикот не смее да го натера кучето да плаши трето лице. Ова правило се однесува на која било раса или тип куче. Сопствениците (или лицето одговорно за кучето во тоа време) чии миленици ќе повредат трето лице, ќе се соочат со **казна затвор до три години за повреда или 14 години за смрт, парична казна, лишување од сопственост на домашни миленици и, исто така, можно е кучето да им биде еутанизирано. Во случаи кога не е предизвикана повреда, сопствениците на кучињата може да се соочат со казна затвор до шест месеци, да бидат казнети со парична казна до 5.000 фунти, да им се забрани да поседуваат домашни миленици или пак кучето да им биде еутанизирано.**[10]

Кучињата треба да поседуваат две форми на идентификација кога се на **јавно место**:

- ✓ микрочипирање;
- ✓ јака со ознака.

### II.1 Микрочипирање

Согласно законските одредби, кучињата мора да бидат со микрочип, а податоците на сопственикот мора да бидат регистрирани во една од **овластените бази на податоци**.

---

[7]Anti-social Behaviour, Crime and Policing Act 2014, section 106 and section 107, https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2014/12/section/106/enacted , пристапено на 8.6.2023
[8]Податоците се преземени од интернестаката страница Blue Cross, https://www.bluecross.org.uk/advice/dog/wellbeing-and-care/dog-laws-uk#anchor , пристапено на 8.6.2023
[9] Dangerous Dogs Act 1991, https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1991/65/section/3 , пристапено на 8.6.2023
[10] Dangerous Dogs Act 1991, https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1991/65/section/3 , пристапено на 8.6.2023

Малите кученцата мора да добијат соодветен микрочип и тоа најдоцна до нивната осма недела пред да бидат предадени во нивните нови домови, при што одгледувачот е првиот регистриран чувар. Одгледувачите, исто така, треба да ја пренесат точната документација за микрочипот на новиот сопственик кога кученцето ќе оди кај новите сопственици.

Законот се однесува на кучиња и кутриња постари од осум недели. Постојат исклучоци доколку ветеринарот верува дека има валидна здравствена причина да не се микрочипира кучето. Ветеринарот мора да му издаде на сопственикот потврда за изземање во овој случај.[11]

Сопствениците и одгледувачите кои не го микрочипираат и не го регистрираат своето куче може да одговараат прекршочно и да бидат казнети со парична казна до 500 фунти и, исто така, може да бидат и кривично гонети.

### II.2 Јака и ознака

Сите кучиња миленичиња мора да носат јака со името и адресата на сопственикот кога се на јавно место. Податоците на сопственикот мора да бидат впишани на самата јака или на ознака закачена на јаката. Дури и да има микрочип, кучето, сепак треба да носи јака или ознака. Во зависност од желбата на сопственикот на јаката да се остави мобилен телефонски број за да може лицето да биде исконтактирано во секое време во случај кучето да исчезне. **Сопствениците на кучињата чии миленици немаат јака и ознака можат да бидат казнети до 2.000 фунти.**

### II.3 Забранети раси на кучиња во Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

Некои видови кучиња се нелегални за поседување, одгледување, продавање, напуштање или подарување. Четирите забранети видови се:

- ✓ питбул териер
- ✓ јапонска тоса
- ✓ дого аргентино
- ✓ фила бразилиеро

Овие четири видови се дефинирани според тоа како изгледаат, а не според расата на кучето, расата на родителите на кучето, ДНК-тестирањето или однесувањето.[12]

## III ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Во Германија, сите кучиња, без разлика дали се обучени или не, **законски се сметаат за непредвидливи**. Сопственикот на кучето е **кривично** и

[11]Податоците се преземени од интернетската страница Blue Cross, https://www.bluecross.org.uk/advice/dog/wellbeing-and-care/dog-laws-uk#anchor , пристапено на 12.6.2023
[12] Ibid

**финансиски одговорен** за каква било штета што ќе ја направи кучето во негова сопственост, особено за каснувања, дури и ако сопственикот се обидел правилно да го контролира кучето и ако истото нема историја на насилно однесување. Ако кучето касне некого сопственикот на кучето ќе мора финансиски да му надомести на оштетениот за сите медицински и патни трошоци настанати поради каснувањето како и за болката и страдањето.[13]
Ако кучето нанесе сериозни рани со каснување, чинот ќе мора да се пријави во полиција, а со тоа кучето добива **криминално досие**. Ако сопственикот на кучето не успее да ја плати паричната казна, ќе биде тужен а во тој случај трошоците би се зголемиле. Дополнително, постои можност, кучето да биде одземено од сопственикот. **Ако кучето има повеќе од еден прекршок во евиденцијата за насилство во Германија, оштетената страна има основа да го тужи сопственикот на кучето.** Во тој случај, кучето може да носи доживотна маска на лицето или пак да му биде одземено на сопственикот.[14]

### III.1 Забранети раси на кучиња во Германија

Во Германија е забранет увоз на домашни миленици. Исто така забранет е и влез на одредени опасни раси во земјата. Според **Законот за ограничување на трансферот и увозот на кучиња** во Германија, одредени раси и одредени вкрстени раси не се дозволени за увоз. Како на пример:

- ✓ американски стафортшир териер
- ✓ бул териер
- ✓ питбул териер
- ✓ стафортшир бул териер.[15]

## IV ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО КРАЛСТВО ШВЕДСКА

Во Шведска, одговорноста на сопствениците на кучиња и казнените одредби за делото се дел од **Кривичен законик, Уредбата за благосостојба на животните (2019:66)** и **Законот (2007:1150) за надзор над кучињата и мачките на Шведска.**

Во Шведска има три нивоа на власт: национална, регионална и локална, а регулативи за сопственост, одгледување или надзор се носат на сите овие нивоа на власт. Во уредбите донесени од локалните власти, 290 шведски општини поставуваат сопствени правила на кои места во општината кучињата мора да бидат на поводник, и на кои места кучињата не смеат да влегуваат, на пример, на плажи, игралишта, гробишта и пазари. Кога до надлежните институции пристигнува барањето за повреда поврзано со куче, следуваат две паралелни и независни истраги, едната од страна на Полициската управа за да се испита дали повредата поврзана со куче вклучува кривично дело, а втората од страна на Регионалниот управен одбор, за да се оцени ризикот од

[13]Податоците се преземени од интернетската страница Viatraveleres, https://viatravelers.com/dog-laws-in-germany/, пристапено на 12.6.2023
[14]Ibid
[15]Податоците се преземени од официјалната интернетска страница Пет травелер, https://petraveller.com.au/blog/banned-breeds-in-germany , пристапено на 13.6.2023

понатамошни повреди. Регионалниот управен одбор е надлежен да оцени дали има потреба од интервенции како одземање на кучето или наредба сопственикот да го држи кучето на поводник и да има маска на лицето.[16]

Во шведското законодавство недостигаат и детални и прецизни правила кои одредуваат како сопственикот на куче треба да се однесува во различни ситуации, а судските одлуки може да се донесат и врз основа на судската пракса, како и врз основа на изјавите на странките во предистражните дејствија.[17]

# V ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО КАНАДА

## V.1 Одговорност на физички лица

***Сопственикот на куче одговара за штетите што настанале од каснување или напад од куче врз друго лице или домашно животно.[18]***

При поднесување тужба за повреда или напад од куче, постојат одредени фактори кои судот ги зема предвид при утврдување на подобноста за спогодба. Некои од факторите што се разгледуваат се:

- ✓ сериозноста на повредата;
- ✓ трајноста на повредата (Дали повредата е трајна?);
- ✓ потенцијални идни операции;
- ✓ претрпени економски штети (на пример, намалена плата поради неодење на работа);
- ✓ дали лицето со некаков потег го испровоцирало кучето, да го предизвика нападот. Сепак, тоа нема да го ослободи сопственикот на кучето од одговорност, но може да резултира со намалена штета.

Во повеќето случаи, не мора да се докажува намерата или невниманието ако лицето е повредено од куче.

Дополнително, Законот за одговорност на сопствениците на кучиња не се однесува само на повредите добиени од каснување од куче или напад. Ако трето лице е повредено бегајќи или обидувајќи се да избегате од куче, лицето, има право на компензација.[19]

Што ќе се случи со кучето целосно ќе зависи од сериозноста на нападот, повредите и дали се работи за прв прекршок на кучето. Во многу случаи, сопственикот ќе мора да плати парична казна или да го задржи кучето на нивниот имот. Меѓутоа, во посериозни случаи, последиците се многу потешки. Ако кучето има историја на агресија или ако нападот бил сериозен, кучето може да биде еутанизирано. Ако сопственикот на кучето има историја на поседување

[16] Податоците се преземени од интернетската страница Science Direct, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S2666937421000305#bib0005, пристапено на 18.7.2023
[17] Ibid
[18] Dog Owners' Liability Act, R.S.O. 1990, c. D.16, член 2, пристапено на 16.6.2023
[19] Податоците се преземени од интернетската страница Деросе Лав, https://deroselaw.ca/bitten-by-a-dog-ontario-dog-owner-liability-explained/ , пристапено на 16.6.2023

агресивни кучиња кои каснуваат/напаѓаат, на сопственикот може да му биде забрането да поседува кучиња одреден период.[20]

## VI ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЧИЊА ВО НОВ ЗЕЛАНД

Во Нов Зеланд, со Законот за контрола на кучиња од 1996 година се утврдуваат законските обврски на сопственикот на кучето, вклучувајќи ја нивната грижа, контрола и одговорностите на сопственикот за штетата предизвикана од неговото куче. Локалните власти имаат свои подзаконски акти за контрола на кучињата, областите каде што се дозволени кучињата (и кога) и правила за чување кучиња и сл.[21] Во Нов Зеланд, сопственикот на кучето мора да го држи своето куче под контрола во секое време, дури и кога е дома. Ако кучето се најде на туѓ имот или на јавно место и тоа не е под контрола, може да биде земено од страна на службеник за контрола на кучиња или чувар на кучиња и вратено на сопственикот или пак задржано.[22]

### VI.1 Штета направена од домашни кучиња

Сопственикот на куче генерално е одговорен за секоја штета што ќе ја направи неговото куче па дури и доколку раскопа растенија во дворот на соседот. Ако сопственикот на кучето не се согласи да ја плати штетата, соседот може да поднесе барање до Судот за спорови.[23]

### VI.2 Регистрација и микрочипирање на домашни кучиња

Кога кучето ќе наполни три месеци, мора да се регистрира за прв пат, а потоа да се регистрира еднаш годишно до крајот на својот живот.

Кучињата, исто така, мора да бидат микрочипирани кога првпат ќе бидат регистрирани. Сепак, ова не важи за кучињата на фарма (т.е. оние кои се чуваат само или главно за сточарство или чување стока).[24]

### VI.3 Одговорност на физички лица

Сопственикот на кучето може да биде казнет до 3.000 долари и да плати за секоја штета предизвикана од нападот. Ако кучето предизвикало сериозна повреда на некое лице или убило заштитен див свет или го повредило толку тешко, заради што неговото уништување е неопходно за да се спречи понатамошно страдање, сопственикот на кучето може да се осуди на затворска казна до три години и парична казна до 20.000 американски долари. Судот мора да нареди и уништување на кучето, освен ако не постојат посебни околности.

Исто така:

- ✓ Ако трето лице види куче како напаѓа личност, има право да го заплени или да го уништи кучето со цел да го спречи нападот.

---

[20] Ibid

[21] Податоците се преземени од интернетската страница „Community Law“ https://communitylaw.org.nz/community-law-manual/chapter-27-neighbourhood-life/dogs-and-other-animals/dogs-care-and-control-of-your-dog/ , пристапено на 19.7.2023

[22] Податоците се преземени од интернетската страница „Community Law“, пристапено на 5.6.2023

[23] Ibid

[24] Ibid

- ✓ Ако кучето брза да нападне лице, животно или возило, предизвикувајќи некој да биде загрозен, повреден или убиен, или да предизвика оштетување или загрозување на кој било имот, секое друго лице може да го заплени или да го затвори тоа куче.
- ✓ Ако кучето е запленето, тоа мора да биде предадено на службеник за контрола на кучиња, чувар на кучиња или полиција што е можно поскоро. Тие можат или да го запленат и затворат кучето или, доколку тоа не е изводливо, да го уништат.[25]

Изработила: Есељ Лукрис
Одобрила: Ивана Трајановиќ Арсовска
Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

____________________________________

Златко Атанасов

[25] Ibid

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23);
2. Anti-social Behaviour, Crime and Policing Act 2014, section 106 and section 107, https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2014/12/section/106/enacted;
3. Интернестаката страница Blue Cross, https://www.bluecross.org.uk/advice/dog/wellbeing-and-care/dog-laws-uk#anchor;
4. Dangerous Dogs Act 1991, https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1991/65/section/3 ;
5. Интернетска страница Пет Травелер, https://petraveller.com.au/blog/banned-breeds-in-germany ;
6. Интернетската страница Science Direct, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S2666937421000305#bib0005 ;
7. Интернетската страница „Community Law“ https://communitylaw.org.nz/community-law-manual/chapter-27-neighbourhood-life/dogs-and-other-animals/dogs-care-and-control-of-your-dog/ ;


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384